Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОМПАНИЈА ЗА ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ НА ПУБЛИКАЦИИ

Центарот за истражување и информирање за животна средина **,,Еко-свест''** од Скопје преку локалната канцеларија Вевчани во рамки на проектот „Поддршка на одржливо управување со Заштитеното подрачје Вевчански извори” поддржан од ПОНТ (Prespa Ohrid Nature Trust) има потреба од ангажирање на правно лице за подготовка на дизајн и печатење на публикации.

## ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Ангажираната компанија ќе биде одговорна за дизајн и печатење на три публикации со едукативни активности.

## ЗАДАЧИ

Избраната компанија треба да ги дизајнира и испечати следниве публикации:

1. Natural monument Vevčanski izvori – nature seen through the eyes of children, A practical guidebook for kindergarten teachers on outdoor activities (23 страници + 5 работни листови + Корица).
2. Natural monument Vevčanski izvori – a playground for young explorers, A practical guidebook for teachers (1st to 5th grade) on outdoor activities (34 страници + 10 работни листови + Корица).
3. Natural monument Vevčanski izvori – an experimental field for young scientists, A practical guidebook for teachers (6th to 9th grade) on outdoor activities (35 страници + 9 работни листови + Корица).

На избраниот понудувач материјалите ќе му бидат доставени во word документи на македонски јазик, со насоки од авторките за изгледот на публикациите. Понудувачот исто така ќе добие писмени насоки и илустрации во pdf документи од авторките на публикациите за изгледот и содржината на работните листови. Понудувачот треба да го предложи тиражот за секоја од трите публикации, во рамки на буџетот предвиден за оваа активност.

Публикациите треба да бидат во А5 формат. Материјалите од кои треба да се испечатат публикациите треба да бидат од еколошка хартија, принтот да биде во фул колор, без користење на хемикалии и пластика. Исто така публикациите треба да бидат поиздржливи и прилагодени за користење во надворешни услови, затоа што најчесто ќе бидат користени во природа.

Дизајнот на публикациите треба да биде практичен и лесно разбирлив за крајните корисници кои најчесто ќе бидат наставници, едукатори и ученици. Публикациите ќе треба да бидат дизајнирани и прилагодени за електронска pdf верзија, како и печатена верзија.

Целокупните детали за бараната услуга можете да ги видите во анекс 3. Опис на работната задача.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Крајниот рок за реализација на оваа услуга е 20.03.2024 година.

Вкупната вредност на овој договор не смее да надмине 6000 евра во денарска противвредност. Проектот е ослободен од ДДВ.

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

- Краток опис на компанијата (портфолио);
- Најмалку три референтни проекти слични на бараната услуга;
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија не
- постара од 6 месеци;
- Биографија од најмалку едно лице со искуство во дизајнирање кое би било ангажирано за активноста;
- Финансиска понуда (анекс 1);
- Пополнета изјава (анекс 2).

Компанијата мора да ги исполнува следниве критериуми:

- Активна компанија која е формирана согласно Законите во Република С. Македонија, и постои најмалку 3 години.

Во понудата задолжително треба да се наведе единечната цена, како и предложениот тираж за секоја публикација, заедно со цената за целокупниот дизајн за сите три публикации. Сите цени треба да се доставаат без вклучен ДДВ, заедно со временскиот рок за извршување на услугата.

Понудите треба да се доставаат по електронски пат на македонски јазик.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Понуди треба да бидат доставени најдоцна до 02.02 2024 година, до 16:00 часот, на е-маил darko@ekosvest.com.mk со назнака **Апликација за дизајн и печатење на публикации**.

Повеќе информации можете да добиете на телефон +38978449209 или на е-маил darko@ekosvest.com.mk Нецелосните понуди, односно понудите испратени после предвидениот рок за аплицирање, нема да бидат земени во предвид.

**ЕВАУЛАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ**

Евалуационата комисија ќе ги извести само оние кандидати чија понуда ќе биде избрана. Канидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:

- Портфолио и референтни проекти - 40 бодови
- Биографија на лицето задолжено за дизајн - 20 бодови
- Понудена цена - 40 бодови

  Вкупно 100 бодови

Договор ќе биде склучен со оној кандидат кој освоил најголем број бодови.

**Анекс 1. Финансиска понуда**

| | **Вкупна вредност** | **Предложен тираж** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| **Едукативни материјали за прва возрасна група** | | | |
| **Едукативни материјали за втора возрасна група** | | | |
| **Едукативни материјали за трета возрасна група** | | | |

| | **Вкупна вредност** | **Временска рамка** |
|---|---|---|
| **Дизајн на едукативните материјали** | | |

**Анекс 2. Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ____________________________ (име и презиме) во функција на овластен застапник на ____________________________(име на компанија) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

- Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања илине се во каква било аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;
- Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на *res judicata*;
- Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;
- Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;
- Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;

- Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на *res judicata* за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

На ден ___________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат

**Анекс 3. Опис на работната задача**

**Дизајн и печатење на три публикации со едукативни активности**

**Опис на услугата**

Дизајн и печатење на три публикации со едукативни активности за три возрасни групи.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животна средина ,,Еко-свест'' од Скопје преку локалната канцеларија Вевчани во рамки на проектот „Поддршка на одржливо управување со Заштитеното подрачје Вевчански извори" поддржан од ПОНТ (Prespa Ohrid Nature Trust) има потреба од ангажирање на физичко и/или правно лице за подготовка на дизајн и печатење на публикациите.

**Цел на услугата**

Ангажираната компанија ќе биде одговорна за дизајн и печатење на трите публикации со едукативни активности.

**Обем и детален опис на услугата**

Избраната компанија треба да ги дизајнира и испечати следниве публикации:

1. Natural monument Vevčanski izvori – nature seen through the eyes of children, A practical guidebook for kindergarten teachers on outdoor activities (23 страници + 5 работни листови + Корица).
2. Natural monument Vevčanski izvori – a playground for young explorers, A practical guidebook for teachers (1st to 5th grade) on outdoor activities (34 страници + 10 работни листови + Корица).
3. Natural monument Vevčanski izvori – an experimental field for young scientists, A practical guidebook for teachers (6th to 9th grade) on outdoor activities (35 страници + 9 работни листови + Корица).

На избраниот понудувач материјалите ќе му бидат доставени во word документи на македонски јазик, со насоки од авторките за изгледот на публикациите. Понудувачот исто така ќе добие писмени насоки и илустрации во pdf документи од авторките на публикациите за изгледот и содржината на работните листови. Понудувачот треба да го предложи тиражот за секоја од трите публикации, во рамки на буџетот предвиден за оваа активност.

Публикациите треба да бидат во А5 формат. Материјалите од кои треба да се испечатат публикациите треба да бидат од еколошка хартија, принтот да биде во фул колор, без користење на хемикалии и пластика. Исто така публикациите треба да бидат

поиздржливи и прилагодени за користење во надворешни услови, затоа што најчесто ќе бидат користени во природа.
Дизајнот на публикациите треба да биде практичен и лесно разбирлив за крајните корисници кои најчесто ќе бидат наставници, едукатори и ученици. Публикациите ќе треба да бидат дизајнирани и прилагодени за електронска pdf верзија, како и печатена верзија.

**<u>Временска рамка</u>**

Периодот на имплементација е помеѓу: 12.02.2024 година - 20.03.2024 година

Предложената временска рамка за ангажманот е следна:

| *Резултат* | *Краен рок* |
|---|---|
| Предлог концепт за дизајн на публикациите | 19.02.2024 година |
| Корекција и одобрување на концептот за дизајн од Еко-свест | 22.02.2024 година |
| Доставен конечен дизајн на публикациите | 01.03.2024 година |
| Корекција и одобрување на конечниот дизајн од Еко-свест | 04.03.2024 година |
| Подготовка на публикациите за печатење (тираж и материјали) | 11.03.2024 година |
| Одобрување за печатењето од Еко-свест | 14.03.2024 година |
| Доставување на печатените публикации | 20.03.2024 година |

**<u>Буџет</u>**

Вкупната вредност на оваа услугата не смее да надмине 6000 евра во денарска противвредност. Проектот е ослободен од ДДВ.

**<u>Надзор на проектот</u>**

Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот на спроведувањето на услугата и почитување на договорите и договорните задачи.

Контакт лице, Дарко Ќитаноски darko@ekosvest.com.mk

**<u>Контакт лице</u>**

За повеќе информации ве молиме контактирајте со Дарко Ќитаноски на darko@ekosvest.com.mk или на +38978449209